

Јонче е легенда на македонската народна музика...не само како пејач, туку  како композитор и текстописец на многу познати македонски народни песни (Ој, Вардаре македонски,  Македонско девојче ...) со специфичен стил на изведба на песните...ги пееше со жар, со емоции,  се внесуваше во нив...беше голем боем...штета за Македонија што еден ваков човек  кој остави  бесмртни македонски песни , не е веќе меѓу нас, да создава, да пее, да вложува во мајката земја, како што тој- Јонче Христовски за целиот свој живот знаеше да вложува и дава... Не само како пејач, туку и како композитор и како текстопишувач  беше посебен- бесмртен.. човек со посебни вредности за Македонија. Погледнете само за миг во еден негов МЕГАХИТ- песната со душа- Македонско Девојче- песна која ќе живее додека сме живи Македионците... А исто така и песната Едно Име Имаме...Која и денес им ги пара ушите  на  нашите соседи...

**Едно име имаме... Запеј песна Македонијо...**



Јонче Христовски- врвен македонски интерпретатор на македонски народни песни и композитор на новокомпонирани македонски народни песни.

Јонче е неповторлив, вечна му слава...

„Македонијо во срцето те носиме, од таму никој и никогаш нема да те искорени..“.

Јонче е легенда на македонската народна музика...не само како пејач, туку како композитор и текстописец на многу познати македонски народни песни (Ој, Вардаре македонски, Македонско девојче ...) со специфичен стил на изведба на песните...ги пееше со жар, со емоции, се внесуваше во нив...беше голем боем...штета за Македонија што еден ваков човек кој остави бесмртни македонски песни , не е веќе меѓу нас, да создава, да пее, да вложува во мајката земја, како што тој- Јонче Христовски за целиот свој живот знаеше да вложува и дава... Не само како пејач, туку и како композитор и како текстопишувач беше посебен- бесмртен.. човек со посебни вредности за Македонија. Погледнете само за миг во еден негов МЕГАХИТ- песната со душа- Македонско Девојче- песна која ќе живее додека сме живи Македионците... А исто така и песната Едно Име Имаме...Која и денес им ги пара ушите на нашите соседи...

Јонче Христовски е македонски пејач, македонски текстописец и македонски композитор на песни во народен дух, исклучително популарен уметник, кој славата на македонскиот мелос ја пренесуваше низ целиот свет. Создаде сопствен интерпретативен стил, препознатлив и комуникативен со публиката. Се прослави со својата песна „Македонско девојче китка шарена" (1964), чии препеани верзии се појавија на англиски, германски, дански, италијански, руски, српски, француски, јапонски, шпански и на други јазици.

Впечатливи се неговите енергични интерпретации на „Животе мој", „Ај засвирете ми чалгии", „Запеј песна Македонко" и многу други во извонредно богатиот репертоар.

Многу мина го паметат и како еден од најактивните членови на ансамблот „Танец" (пејач и играорец). Најомилено оро му беше „Калајџиското" , за ова и за многу други беШе негова кореографијата. Како одговорен за народната музика во националната телевизија- ТВ Скопје, ја иницираше и ја реализира серијата „Распеани градови" (1974), која се памети како еден од најзначајните проекти на ТВС.

Јонче Христовски беше оженет но, за жал неговата сопруга загина во катастрофалниот скопски земјотрес во 1963 година, која му остави две прекрасни девојчиња Олгица и Невена. Јонче беше и татко и мајка. Двете ќерки ги изгледа, ги школуваше, ги извади на пат и ги омажи.

Јонче Христовски е еден од неколкуте вистински македонски бардови на народната песна, рамо до рамо со Александар Сариевски, Никола Бадев и Кирил Манчевски. Огромна е почитта од Македонците по сите континенти, но и од сите кои имале можност да ја слушнат неговата песна . да ја видат неговата енергија и жар со кој ги интерпретираше македонските песни, огромна е почитта за неговото музичко дело како најсилен афирматор на македонската музичка и национална посебност и уникатност.

Песните како Македонско девојче,Ој, Вардаре македонски, Ако умрам 'ил загинам, Мој роден крај и И ние сме деца на Македонија, препознатливи по неговата карактеристична изведба се трајно врежани во македонскиот музички код и вечно ќе останат како вистински ремек дела испеани од еден вистински Великан. Јонче во негов стил, неповторлив, со посебна сценска изведба за секоја песна.клечи удира на земјагта, ја бакнува, со што на симболичен начин ја изразуваше љубовта своја и на неговиот народ

за Македонија, на друга песна го вади палтото , го врти го врти и го фрла во недоглед, во публиката....

Неговите современици се сеќаваат – „ Јонче.. грми со гласот во песната Грмеле топови.емотивен во неговите автобиографски и анталогиски песни (Животе мој, Свирими гитаро) , лиричар, боем.. Абе закон човек беше . Голем, ептен голем мераклија...Сите ептиети ги заслужуваше на неповторлив, уникатен во стилот на пеењето, играњето и шармирањето...

Токму затоа, машката ракометна репрезентација на Македонија за своја химна ја прогласи песната Едно име имаме на Јонче Христовски.

Женската ракометна репрезентација на на Македонија за своја химна ја прогласи песната Македонско девојче на Јонче Христовски,
ФК Вардар за своја химна ја има песната Ој, Вардаре Македонски, на Јонче Христовски.
Секоја песна на Јонче е македонска химна која ги разгалува срцата на Македонците, им ги отвора устите да ги запеат без разлика каде се наоѓаат на земјината топка, на слави, свадби, веселби, седенки...

**Секојдневно одѕвонуваат неговите рефрени:**

Aj засвирете ми чалгии
Aj засвирете ми чалгии, една песна мераклиска,
да се сетам на младоста да се врати в срце радоста...
свирете ми чалгии, свирете ми се од срце, празник ми е на душава
Денес плачам за младоста, да се врати в срце младоста...
Свирете ми чалгии, свирете ми се од срце, празник ми е на душава.
денес плачам за младоста...
Aj засвирете ми чалгии, една песна како животот,
очи солзи да наполнат
душа моја да олеснат

**А секој македонец наизуст ја знае неговата:**

Ако умрам ил загинам
Немој да ме жалите
Напијте се рујно вино
Скршете ги чашите!
Хеј хеј хеј ВЕРНИ ДРУГАРИ
Песна запејте.

**Едно име имаме**
Покрај Егеј Македонци
покрај Вардар Македонци
и под Пирин Македонци

славно име, непокорно.

Едно име имаме
во душата го носиме
за тебе живот даваме
о, Македонијо.

Како ширни полиња
а до небо планини
реки златоносни
а езера бисери.

Едно име имаме
во душата го носиме
за тебе живот даваме
о, Македонијо.

Мајко Македонијо,
балканска убавице,
кој се роди во тебе
и живот дава за тебе.

Едно име имаме
во душата го носиме
за тебе живот даваме
о, Македонијо.


MTB
MKTV Sat


MKTV Sat

[illegible]